Архивски број: 0801-172/13
23-12-2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-172 од 15.07.2021 поднесена од [redacted] против Кеснофон Угриновски и Трајан Крстевски како автори на учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование; Илија Ацески, Момир Стаменковиќ и Зоран Петрушевски како рецензенти на учебникот и Министерството за образование и наука кое донело решение со кое се одобрува употребата на учебникот, за сторено вознемирување и дискриминација врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 23.12.2021 го донесе следново:

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група во учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование, врз сиромашните, сексуалните работници, жените, еднородителските семејства и ЛГБТИ луѓето, сторено од авторите Кеснофон Угриновски и Трајан Крстевски кои го изработиле учебникот; рецензентите Илија Ацевски, Момир Стаменковиќ и Зоран Петрушевски и Министерството за образование и наука кое донело решение со кое се одобрува употребата на учебникот.

### О б р а з л о ж е н и е

На 15.07.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] против Кеснофон Угриновски и Трајан Крстевски како автори на учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование; Илија Ацески, Момир Стаменковиќ и Зоран Петрушевски како рецензенти на учебникот и Министерството за образование и наука кое донело решение со кое се одобрува употребата на учебникот, за сторено вознемирување и дискриминација врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група. Подносителот во претставката ги наведува поглавјата и страните во спорниот учебник, кој согласно тврдењата на подносителот, јасно прикажуваат дискриминација врз основа на род, социјално потекло, сексуална ориентација, родов идентитет и припадност на маргинализирана група. Во прилог на претставката подносителот го достави и спорниот учебник.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на страната на потенцијалните дискриминатори.

Согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата достави барања за известувања до потенцијалните дискриминатори. Видно од поштенските повратници, сите потенцијални дискриминатори го добиле известувањето со барањето за произнесување по поднесената претставка и самата претставка во прилог, и тоа:

- Министерството за образование и наука го примило известувањето на 13.10.2021;
- Трајан Крстевски го примил известувањето на 27.10.2021;
- Ксенофон Угриновски го примил известувањето на 27.10.2021;
- Илија Ацевски го примил известувањето на 27.10.2021;
- Момир Стаменковиќ го примил известувањето на 27.10.2021
- Зоран Петрушевски го примил известувањето на 12.11.2021

Во законски предвидениот рок од чл. 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поднесок за произнесување по наводите од претставката доставија Трајан Крстевски и Илија Ацевски. Останатите потенцијални дискриминатори не доставија поднесоци за произнесување по наводите од претставката.

Во поднесокот за произнесување доставен на 08.11.2021 од Илија Ацевски, рецензент на учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование, Ацевски потврдува дека наводите од претставката се во основа оправдани и потенцираат дел од недостатоците на текстот, кој според него, изобилува и со други недостатоци, практично е неупотреблив и многу малку придонесува за разбирање на материјата. Во продолжение од поднесокот тој се осврнува и на други учебници по социологија за средно образование кои не одговараат на намената да ги запознаат учениците со феномени поврзани со општеството, внесуваат конфузија и веројатно многу малку се користат од страна на учениците. На крајот на поднесокот за произнесување, Ацевски поентира дека забелешките од претставката на подносителот треба да послужат Министерството за образование и наука да преземе сериозни чекори кон промена на местото и улогата на предметот Социологија во образовниот систем, од анализа на програмите на Институтот за социологија каде се образуваат социолозите за наставниот процес, до програмите и учебниците за средно образование.

Во поднесокот за произнесување доставен на 17.11.2021 од Трајан Крстевски, коавтор на учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование, Крстевски се согласува со наводите од претставката во насока дека е потребно осовременување на наставната програма и учебниците по социологија кои од денешна дистанца веќе заостануваат. Нагласува дека овој став со години го истакнува во Здружението на социолози, Бирото за развој на образование и сл. Дополнително, наведува дека не се согласил со издавањето на дополнетото издание на учебникот, а и во првото издание увидел доста недостатоци. За истите работи, согласно неговите наводи, Крстевски го известил коавторот Угриновски и побарал суштински реформи на наставната програма, а потоа да се оди на издавање нов учебник или дополна на веќе постоечкиот, а воедно и реагирал до педагошката служба на веќе дистрибуираниот дополнет учебник кој не стигнал до него како коавтор пред да биде пуштен во употреба. Наведува дека дополнетото издание на учебникот не било доставено ниту до рецензентите, а тој бил доведен до свршен чин да даде согласност за печатење на дополнетото издание на учебникот пред да виде што интервенирано во истото, но тоа го одбил.

Имајќи ги предвид наводите од претставката, доказите од претставката, наодите од поднесоците за произнесување и важечката законска легислатива, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ценеше дека учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование изобилува со вознемирувачки содржини врз основа на основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група, со кои се врши вознемирување врз сиромашните, сексуалните работници, жените, еднородителските семејства и ЛГБТИ луѓето.

Видно од доставениот учебник, во поглавјето посветено на сиромаштијата (стр. 101-112) се изнесуваат застарени и одамна отфрлени теории за сиромаштијата како начин на живот со кои се дехуманизираат сиромашните. Авторите пренесуваат многу кратка критика на овие теории, но не нудат други теории, со што истите ги пренесуваат како точни и современи. Поглавјето изобилува со ставови кои придонесуваат за зацврстување и генерирање предрасуди, омраза и дехуманизација на сиромашните за состојбата во која се наоѓаат и за останатите социјални проблеми, а се обесхрабрува емпатија и разбирање. Па така во ова поглавје се наоѓа лекција "Култура на сиромаштвото како причина за социјално исклучување" со што се афирмира ставот дека сиромаштијата е избор и претставува култура на живеење и дека сиромашните се криви за состојбата во која се наоѓаат. Во истото поглавје сиромаштијата се асоцира со "слободни врски или диви бракови, напуштање на децата и жените, "нагласена ориентација кон сегашноста која се изродува со неподготвеност да се одложат задоволствата, чувство на незаинтересираност и фатализам" како и низа други особини кои за авторите се негативни. Дополнително во овој дел авторите ја прикажуваат сиромаштијата како нужност поради распределба на работни позиции, па според нив функцијата на сиромаштијата е да обезбеди некој да ги работи "*најнечистите и најпасните работи*". Во лекцијата "мерење на сиромаштијата" авторите ја изедначуваат проституцијата со криминал, а сексуалните работници, кои сеословени како проститутки во учебникот, се изедначуваат со криминалци. Ваквото претставување на сексуалните работници е вознемирувачко и ги афирмира стереотипите за сексуалните работници како криминалци, неморални и општествено непожелни, што претставува вознемирување врз основа на припадност на маргинализирана група и социјално потекло согласно чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во учебникот се афирмира машката супремација бидејќи во истиот нема ниту една слика на која е претставена само жена, наспроти 26 слики на кои се претставени мажи и 7 слики на кои се претставени мажи и жени, на кои жените најчесто имаат споредни и помошни улоги. Авторите го претставуваат творештвото на повеќе мислители кои се мажи. Низ текстот се користат референци и цитати од повеќе автори во повеќе области, политичари, новинари, јавни личности каде доминираат мажи. Имено во учебникот се споменати 119 мажи (96%) и 5 жени (4%). Со ваквиот избор на исклучиво мажи автори чии теории ќе се пренесат во учебникот се негира учеството и улогата на жените во општествените науки, што претставува вознемирување врз основа на пол и род.

Во учебникот авторите зборуваат и за "самохрани мајки" (стр. 107), како корисннички на социјална помош. Во учебникот се говори за "постоењето на многу семејства без татко" (стр. 42), како причина која влијае на одлуката дали да се има или нема деца. На овој начин се перпетуираат родовите стереотипи и жените се карактеризираат како беспомошни и зависни од мажите. Во учебникот не се говори за самохрани татковци, со што од една страна се негира улогата на мажите во грижата на децата, а од друга страна жените кои сами се грижат за децата се претставуваат како неспособни тоа да го прават

без помош од државата, што претставува вознемирување врз основа на пол и род. Вознемирувањето врз основа на пол и род продолжува во повеќе поглавја и лекции од учебникот како "Рани општества" (стр. 28), "Димензии на глобализацијата – Промени на емоционалниот живот" (стр. 41-42), "Род и пол" (стр. 88), каде се афирмираат родовите стереотипи за родовите улоги, а жените се опишуваат како "послаб пол".

Во поглавјето "Пол и род" се врши вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Низ поглавјето се зборува за биолошките и општествено континуираните разлики помеѓу мажите и жените, но не се спомнуваат интерсекс луѓето, трансродовите или родово небинарните лица. Само еден дел од лекцијата "Општествена конструкција на родовите" е посветен на овие прашања. Имено, *"личностите кои имаат двополовост, се наречени хермафродити (андрогинија)"* (стр. 83). Терминот хермафродити е застарен и вознемирувачки термин, кој одамна е заменет со терминот интерсекс луѓе. Потоа, се зборува за "индијанците" кои ја признале и третата родова улога – бердачи, во текстот дефинирани како "мажи кои се облекувале како жени", што не е точна дефиниција за трансродовост. Исто така транссексуалните луѓе се дефинирани како "ни мажи ни жени", што е погрешно, бидејќи голем дел од транссексуалните лица се дефинираат како транс мажи или транс жени. Во ова поглавје исто така се пишува дека "*транссексуалците се мажи заробени во женски тела. Жените кои се заробени во машки тела ја прифатиле родовата улога определена за мажите, но се чувствуваат како жени. Транссексуалецот е лице кое постепено се трансформира во друг пол, барајќи хирушка промена на половите органи. Идеално е многу транссекусалци целосно и незабележано да преминат во другиот пол. Транссекусализмот е измислен кон средината на 20 век, како клинички феномен. Социологијата се интересира за него во проучувањето на родовите, на пример, машки пол, женски род*". Ова се неточни тврдења кои ги афирмираат стереотипите за трансродноста и претставуваат вознемирување врз основа на родов идентитет.

Текстот продолжува со дел за хомосексуалност во кој авторите го сведуваат поимот само на сексуални односи помеѓу две лица од ист пол, што претставува застарена дефиниција на хомосексуалноста. Учебникот креира слика дека хомосексуалноста е западен производ во делот во кој се зборува дека *"во модерниот западен говор машките хомосексуалци се означуваат како педери, а женските како лезбејки"*. Ова неточно, бидејќи зборот "педер" не се употребува на запад, туку е вознемирувачки збор со кој се навредуваат геј мажите во Република Северна Македонија. Текстот продолжува со пропагирање дека парадите на гордоста предизвикуваат реакции кај одредени кругови и дека се сметаат за непристојни во општеството.

Генералниот впечаток е дека преку учебникот се перпетуира хомофобија и трансфобија, а учениците ќе се стекнат со погрешни информации за ЛГБТИ луѓето. За ЛГБТИ учениците ова се вознемирувачки содржини кои може да предизвикаат повреда на достоинството, непристапност на образование, намалена самопочит и нееднакво услови за успех и развој. Кај останатите ученици овие содржини можат да доведат до стекнување или зацврстување на хомофобични и трансфобични ставови, кои можат да резултираат со врсничко насилство мотивирано од омраза. Исклучувањето на жените од учебникот, од друга страна, претставува дискриминација врз основа на пол и род. Учебникот како целина врши вознемирување кон ЛГБТИ луѓето, сиромашните, сексуалните работници и самохраните мајки.

Општиот коментар 13 на Комитетот за економски, социјални и културни права, пропишува дека правото на образование треба да биде достапно, пристапно, приспособливо и прифатливо. Под достапност се подразбира обезбедување функционални образовни институции и програми, приспособени за потребите на сите луѓе, имајќи ги предвид нивните различности и карактеристики. Пристапноста меѓу другото значи и забрана за дискриминација во образованието.

Европската комисија против расизам и нетолеранција во извештајот за петтиот мониторинг циклус за државава од 2016 година констатира дека *дискриминаторските содржини во учебниците и недостаток на институционална реакција на овој проблем се забележува веќе некое време.*

Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените на ООН во завршните согледувања кон шестиот периодичен извештај државата од 2018 година препорача усвојување сеопфатна стратегија заснована на заедницата насочена кон елиминирање на дискриминаторските родови стереотипи и штетни практики врз жените, вклучително и преку зајакнување на процесот на ревизија ја учебниците и настанивте програми.

Комитетот за економски, социјални и културни права на ООН во завршните согледувања кон вториот, третиот и четвртиот периодичен извештај на државата од 2016 година препорача искоренување на негативните стереотипи и стигматизација на ЛГБТИ лицата, вклучително и преку ревидирање на учебници и спроведување на кампањи за подигање на свеста во јавноста.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека со предметниот учебник е сторено вознемирување согласно чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со оглед на тоа дека вознемирувањето е сторено по повеќе основи, а учебникот е во употреба повеќе години и од него учат голем број на ученици, Комисијата утврди продолжено и повеќекратно вознемирување, како потежок облик на дискриминација.

Согласно чл. 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во случај на утврдена дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука најдоцна во рок од 6 месеци да го повлече од употреба учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование на авторите Ксенофон Угриновски и Трајан Крстевски.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** авторите Ксенофон Угриновски и Трајан Крстевски најдоцна во рок од 6 месеци да извршат ревизија на спорните делови од учебникот на начин што ќе ги отстранат содржините со кои се врши вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана

група врз сиромашните, сексуалните работници, жените, еднородителските семејства и ЛГБТИ луѓето.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука во иднина да не одобрува употреба на учебници, чијашто содржина врши вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло, припадност на маргинализирана група или било која друга дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација и ратификуваните меѓународни договори.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** авторите Ксенофон Угриновски и Трајан Крстевски во иднина да се воздржат од пишување и изработка на учебници чијашто содржина врши вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло, припадност на маргинализирана група или било која друга дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација и ратификуваните меѓународни договори.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** рецензентите Илија Ацевски, Момир Стаменковиќ и Зоран Петрушевски во иднина да не одобруваат употреба на учебници, чијашто содржина врши вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло, припадност на маргинализирана група или било која друга дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација и ратификуваните меѓународни договори.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
23.12.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

- Ксенофон Угриновски, ул. Драгиша Мишковиќ бр. 1/11, Скопје
- Трајан Крстевски, ул. Душан Митревски бр. 4, Македонски Брод
- Илија Ацевски, ул. Радишанска бр. 17-2/20, Скопје
- Момир Стаменковиќ, ул. Тајнишка бр. 24Б, Скопје
- Зоран Петрушевски, ул. Октомвриска револуција бр. 9/3-14, Куманово
- Министерство за образование и наука, ул. Свети Кирил и Методиј бр. 54, Скопје
- [redacted] Скопје